ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 10.09.2014

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

## Средба на директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова со претставник на канцеларијата на Светската здравствена организација за Македонија

Интензивната соработка во развивањето на стратегија за имплементација на национална политика за здравство - 2020, која исто така е во согласност со рамките на здравствените политики на Светската здравствена организација - СЗО 2020, беше дел од темите за кои стана збор на средбата на директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова со Снежана Чичевалиева, директор на канцеларијата на Светската здравствена оганизација - СЗО за Македонија.

Парнарџиева-Змејкова истакна дека техничката експертиза на СЗО е од посебен интерес, особено во делот на рационално користење на лекови, фармакоекономијата, безбедноста на пациентите и услугите во јавното здравство. Истовремено, директорката на ФЗОМ ја искажа својата подготвеност за понатамошна соработка со Светската здравствена органзиацција, како и вклученоста на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во процесот на развивање на стратегијата на националната програма за здравство - 2020.

Чичевалиева ја информираше директорката на ФЗОМ, Парнарџиева-Змејкова за деталите на активностите на Светската здравствена организација поврзани со развојот на Стратегијата за здравство - 2020 на Македонија, која претставува една од алатките за подобрување на вкупната благосостојба и добрата здравствена состојба на општата популација, како одговор на најголемите предизвици во современото здравството.